**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ”**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев 9а 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-183/1
28-01-2021
Скопје

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование, член 53 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј и член 114 од Законот за високото образование, Деканот на Филолошкиот факултетот „Блаже Конески“ во Скопје, распишува

**ИНТЕРЕН ОГЛАС**

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметите:
- Современ англиски јазик 6 (Пишување) (0+2) и Современ англиски јазик 4 (Пишување) (0+2);

За избор на еден демонстратор за студиската програма по англиски јазик и книжевност по предметите:
- Граматика на современиот англиски јазик-Морфологија 2 (3 групи по 2 часа), Граматика на современиот англиски јазик-Фонетика и фонологија 2 (0+2);

За избор на еден демонстратор за настава на нематични факултети – Градежен факултет на студиската програма по геодезија по предметот Англиски јазик 1.

Кандидатот за демонстратор треба да ги исполнува општите услови утврдени со Законот за високото образование (Сл. Весник бр.82/2018) и посебните услови утврдени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411).

Кон пријавата кандидатот треба да достави:
-биографија;
-доказ дека е студент на втор или на трет циклус студии;
-уверение за завршен прв циклус студии со просечна оцена од најмалку 8.00 (осум);

Пријавата и прилозите кон неа се поднесуваат во 4 (четири) примероци во Архивата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје во рок од 5 дена од објавувањето на Огласот.

Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

Факултетот и демонстраторот склучуваат договор со кој ги уредуваат меѓусебните права и обврски.

Ненавремените и некомплетни документи нема да се земат предвид за разгледување.

Д Е К А Н
на Филолошкиот факултет

проф. д-р Анета Дучевска